Бр. 12-2602/5
20.11.2019 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ------------------------, на ден 06.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 24-та седница одржана на 15 ноември 2019 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од познат подносител – ------------------------, на ден 06.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2602/1 од 06.05.2019 година, во која се укажува на сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по преземените дејствија утврди дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот, поради непотврденост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-2602/1 од 06.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2602/1 од 06.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител ------------------------.

Во пријавата се укажува на сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес, односно вработен полициски службеник распореден на работа во една Полициска станица од општа надлежност за време на изборна кампања со наредба е прерсапореден на работа во друга полициска станица, подалеку од своето место на живеење.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата, беше доставено Барање за доставување на податоци и информации до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија со број 12-2602/3 од 14.05.2019 година, со кое се бара целокупната документација за прераспределувањето на полицискиот службеник.

Од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е доставен одговор - целосна информација со број 12-2602/4 од 03.06.2019 година со кој се доставува целокупната документација за прераспределувањето на полицискиот службеник.

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека согласно член 154 став 1 од Законот за внатрешни работи Министерот може да издаде писмена наредба со која на работник му наредува да врши задачи во друга организациона единица различна од организационата единица во која работникот работи. Наредбата се издава за извршување на итни, неодложни и специфични задачи чиј обем, сложеност и времетраење ги надминува расположливите ресурси на одредена единица, при што задачите кои треба да ги изврши работникот не треба да се разликуваат од задачите на работникот од работното место на кое работи.

Во согласност со одредбите од член 154 од Законот за внатрешни работи на 16.04.2019 година од страна на Министерот е издадена наредба со која полицискиот службеник од полициска станица од општа надлежност е задолжен во рок од месец дена почнувајќи од 18.04.2019 година до 17.05.2019 година да извршува работи и задачи во полициска станица за граничен премин. За одење и враќање на работно место е организиран превоз од страна на МВР.

Од доставената документација и гореизнесеното е јасно дека работникот - полицискиот службеник не е распореден на друго работно место согласно начинот и постапката за распоредување утврдена во Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на МВР, туку истиот за одреден временски период е задолжен да извршува работи и задачи од друго работно место. Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите од пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19) одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 15.11.2019 година по број 12-2602/5

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk